**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 31 јули 2017 година

## Соопштение за печат

## Позначајни движења во платниот биланс[1] во мај 2017 година

Во тековните трансакции со нерезиденти, во мај 2017 година бележиме дефицит од 40,4 милиони евра. Во финансиската сметка се остварени позначајни нето-приливи од директни инвестиции и трговски кредити, а во помал обем и од валути и депозити, како и нето-одливи врз основа на заеми и портфолио инвестиции. Девизните резерви се намалени за 21,6 милиони евра.

### Основни компоненти на платниот биланс на Република Македонија
(во милиони евра)

| | V-2017 | I-V.2017 | месечна промена | | годишна промена | | збирна промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | милиони евра | % | милиони евра | % | милиони евра | % |
| **Тековна сметка** | **-40.4** | **-192.6** | **-11.3** | 38.7 | **41.1** | -50.5 | **44.4** | -18.7 |
| Стоки | **-151.8** | **-773.3** | **0.2** | -0.1 | **25.8** | -14.5 | **-11.6** | 1.5 |
| Услуги | **16.2** | **179.5** | **-21.4** | -56.9 | **-10.4** | -39.0 | **12.6** | 7.5 |
| Примарен доход | **-35.4** | **-172.9** | **-0.5** | 1.5 | **-2.2** | 6.7 | **1.1** | -0.6 |
| Секундарен доход | **130.6** | **574.2** | **10.5** | 8.8 | **27.9** | 27.2 | **42.3** | 7.9 |
| **Капитална сметка** | **0.2** | **2.8** | **-1.2** | | **0.1** | | **-2.1** | |
| **Финансиска сметка** | **-48.4** | **-201.1** | **-16.6** | | **41.3** | | **51.6** | |
| Директни инвестиции | **-22.1** | **-159.9** | **7.6** | | **11.2** | | **37.1** | |
| Портфолио-инвестиции | **5.6** | **-18.2** | **9.1** | | **3.4** | | **-25.4** | |
| Валути и депозити | **-6.7** | **50.1** | **-28.9** | | **-11.0** | | **-64.8** | |
| Заеми | **11.1** | **51.9** | **-1.3** | | **25.1** | | **124.4** | |
| Трговски кредити | **-14.8** | **-14.3** | **-4.1** | | **0.8** | | **-3.5** | |
| Девизни резерви | **-21.6** | **-110.3** | **0.5** | | **11.6** | | **-15.8** | |

Напомена: Во финансиската сметка знакот (-) означува нето-приливи од странство. Кај девизните резерви знакот (+) означува зголемување, додека знакот (-) означува намалување на девизните средства.
Извор: НБРМ.

## *Тековна сметка*

Негативното салдо во тековната сметка во мај произлегува од дефицитите остварени од стоковната размена (151,8 милиони евра) и примарниот доход (35,4 милиони евра), коишто ги надминаа суфицитите остварени кај секундарниот доход и размената на услуги (130,6 и 16,2 милиона евра, соодветно).

На месечна основа, дефицитот на тековната сметка е повисок за 11,3 милиони евра, главно поради понискиот суфицит во размена на услуги (за 21,4 милиони евра), делумно нетиран со повисокиот суфицит кај секундарниот доход (за 10,5 милиони евра).

[1] Платниот биланс претставува статистички извештај којшто систематски ги сумира сите економски трансакции на Република Македонија со странство за определен временски период, односно ги сумира тековните, капиталните и финансиските трансакции помеѓу резидентите и нерезидентите.

Збирниот дефицит на тековната сметка за периодот јануари - мај 2017 година (192,6 милиони евра) е понизок споредено со истиот период минатата година (за 44,4 милиони евра). Поодделни компоненти на тековната сметка, повисоките суфицити кај секундарниот доход (за 42,3 милиони евра) и во размената на услуги (за 12,6 милиони евра), го неутрализираа ефектот од повисокиот дефицит во стоковната размена (за 11,6 милиони евра).







Извор: НБРМ.

## *Финансиска сметка*

Кај финансиските трансакции со нерезиденти, во мај 2017 година се остварени нето-приливи од 48,4 милиони евра. Позначајни нето-приливи бележиме кај директните инвестиции (22,1 милион евра) и трговските кредити (14,8 милиони евра), а во помал обем и кај валути и депозити (6,7 милиони евра), додека нето-одливи бележиме кај заемите (11,1 милион евра) и портфолио-инвестициите (5,6 милиони евра). Девизните резерви се намалени за 21,6 милиони евра.

На нето-основа, кај директните инвестиции, во мај 2017 година бележиме нето-приливи од 22,1 милион евра, додека од почетокот на годината заклучно со мај 2017 година, нето-приливите изнесуваат 159,9 милиони евра, што е за 37,1 милион евра помалку во однос на истиот период од минатата година.

Кај обврските врз основа на директни инвестиции[2] во мај 2017 година бележиме нето-приливи од 75,9 милиони евра, како резултат на нето-растот на обврските врз основа на должнички инструменти (41,9 милиони евра), реинвестирање на добивката (22,6 милиони евра) и нови вложувања во сопственички капитал (11,4 милиони евра). Збирно, за првите

[2] Се прикажуваат директни инвестиции во зависност од тоа дали финансиските трансакции создаваат обврска кон или побарување (средства) од странство.

пет месеци од годинава, обврските кон директните инвеститори се зголемени за 368,8 милиони евра (за 35,7 милиони евра повеќе од истиот период минатата година).

Директните инвестиции на страната на средствата, во мај 2017 година, се зголемени за 53,8 милиони евра, како резултат на нето-растот на побарувањата врз основа на должнички инструменти (50,7 милиони евра) и нови вложувања во сопственички капитал (3,3 милиони евра). За периодот јануари - мај 2017 година, средствата се зголемени за 208,8 милиони евра, што е за 72,8 милиони евра повеќе во однос на истиот период минатата година.

Во мај, нето-одливите врз основа на заеми од 11,1 милион евра во најголем дел произлегуваат од намалените нето-обврски на останатите сектори[3] и државата (за 6,4 и 5,3 милиони евра, соодветно).

Во првите пет месеци од годината, нето-приливите од директни инвестиции (159,9 милиони евра), портфолио-инвестиции (18,2 милиона евра) и трговски кредити (14,3 милиони евра), како и средствата на девизните резерви (намалување за 110,3 милиони евра), обезбедија финансирање на дефицитот на тековната сметка (192,6 милиони евра), во услови на нето-одливи на заемите и валутите и депозити (102 милиони евра).







Извор: НБРМ.

[3] Останатите сектори опфаќаат: останати финансиски институции, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

***Ревизии на податоци***

Податоците за платниот биланс во ова соопштение содржат редовна ревизија на податоците за периодот јануари – април 2017 година, во насока на подобрување на нивниот квалитет. Ревизијата на тековната сметка резултираше со намалување на дефицитот за 1,7 милиони евра. Позначајна ревизија на податоците кај финансиската сметка е направена во насока на зголемување на директните инвестиции-средства за 44,5 милиони евра, со соодветна надолна корекција кај нето-обврските врз основа на трговски кредити.

***Придружни информации***

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за платниот биланс
http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Методолошки појаснувања: http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Месечен платен биланс: 31 август 2017 (референтен пресек заклучно со јуни 2017 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).